**ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД СКОПЈЕ**

Акционерско Друштво за осигурување
ГРАВЕ НЕЖИВОТ СКОПЈЕ
Бр. 0202- 27/74
01.09. 2023 год.
Скопје

# УСЛОВИ

## За осигурување на одговорноста на превозниците во домашен и во меѓународен транспорт

**Скопје, септември 2023 година**

**Усвоена со одлука на Управен одбор број 27/73 од 01.09.2023 година**

## ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Со овие услови се осигурува одговорноста на осигуреникот како превозник спрема корисниците на превозот за докажана целосна или делумна загуба, оштетување, или за задоцнување на пратките во домашен и во меѓународен превоз, преземени на превоз со товарен лист или договор, во обем и услови наведени во одредбите од член 2, 3 и 6 од овие Услови.

Со овие Услови не е осигурена вондоговорната одговорност на осигуреникот.

## УТВРДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТА

Член 2

Одговорноста на осигуреникот се утврдува според одредбите на овие Услови и:

1.Законот за договор за превоз во друмскиот сообраќај (Сл. лист на СФРЈ бр. 2/74).

2.Законот за облигациони односи

3.Конвенцијата за договорите за меѓународен друмски превоз на стоки (ЦМР) (Сл. лист на ФНРЈ, бр.11/58).

## ОБЕМ НА ПОКРИТИЕ

Член 3

1.Осигурителот ќе му ги надомести на осигуреникот сите износи што треба да ги плати врз основа на одговорноста од член 2 на овие Услови, освен штетите настанати од причините наведени во член 4 и 5.

2.Максималната обврска на осигурителот изнесува (се лимитира) до износот утврден во полисата за осигурување на одговорноста на осигуреникот, чиј составен дел се овие Услови.

Покритието од точка 2 се пресметува во денарска противвредност по среден курс на индикативната курсна листа на Народната банка на Република Македонија на УСД на денот на настанување на штетата.

Осигуреникот може да ја осигури својата одговорност и преку лимитот од претходниот став, со тоа што мора таквите пратки писмено да ги пријави на осигурителот, со најавување на нивната вредност најмалку 2 (два) работни дена пред започнувањето на превозот. За таквите пратки и зголеменото осигурително покритие по ЦМР, осигуреникот доплаќа премија на разликата над лимитот, за што осигурителот му издава посебна полиса.

3.Лимитот на осигурителното покритие се определува спрема влекачот на возилото.

4.Осигурителот ќе му ги надомести на осигуреникот и:

а) трошоци за спор како и вонсудските трошоци направени во врска со реализација на барањето (ако се направени во согласност со осигурителот, поради одбрана од неосновани и преголеми барања на трети лица) и досудени камати, превознина и вонредни трошоци за превози, претовар, лежарина, складирање и сл);

б) вистинските трошоци за спасување, но најмногу до 40% од лимитот по штетен настан.

Осигурителот ќе ги надомести овие трошоци и кога тие заедно со штетата ќе ја надминат максималната обврска од точка 2 на овој член.

## РИЗИЦИ ЗА КОИ НЕ ОДГОВАРА ПРЕВОЗНИКОТ И НЕ СЕ ОПФАТЕНИ СО ОСИГУРУВАЊЕТО

Член 4

(1) Со овие Услови не е осигурена одговорноста на осигуреникот за штетите настанати на пратката примена на превоз поради:

1. виша сила (земјотрес, поплава, гром, луња, снежна лавина, одронување, лизгање на земјиштето и слично);

2. подготвителна, мобилна и воена состојба, побуни, востанија, политички немири, вооружена кражба и сл.;

3. штрајк (прекин на работа) или запленување;

4. акти на надлежни органи;

5. вина на испраќачот или на примачот;

6. недостатоци во пакување или поради недоволно пакување на стоката и нечисти транспортни садови;

7. опасности поврзани со превоз на стоката во отворени возила;

8. потполна или делумна загуба или оштетување на стоката поради нејзините природни својства или мани, како 'рѓа, корозија, саморасипување, стврднување, стврднување поради заситеност на воздухот со влага и сл., освен ако се превезуваат со наменски возила;

9. разбојнички или други напади;

10. преземени санитарни или дезинфекциски мерки и сл.;

11. угинување на живи животни, живина, дивеч при превоз;

12. ако стоката се прима на превоз само под одредени услови - предадена на превоз со неисправни, неточни или непотполни ознаки или ако испраќачот ги нема преземено пропишаните мерки и внимание;

13. промена на бојата, мирисот и вкусот на стоката, освен во случај на расипување(докажан дефект на термографот) на термокингот на автоладилници;

14. губење на комерцијалната вредност на стоката, освен поради пречекорување на рокот на превозот во случај на дефект на возилото.

15. молци и други штетници;

16. разлика во мерење, освен ако постои документ за официјално мерење на исти начини при натовар и истовар на стоката.

ИСКЛУЧЕНИ РИЗИЦИ

Член 5

Осигурителот не е во обврска да надомести штета и ако осигуреникот спрема законските прописи за тоа е одговорен, а таа настанала како последица на една од следните причини:

1.Лоша намера или груба небрежност

Осигурителот не ја надоместува штетата, која настанала поради лоша намера или груба небрежност на осигуреникот или за лицата за кои тој одговара.

2.Располагање на стоката

Ако испраќачот или примачот одбие да ја преземе стоката, а осигуреникот без согласност на осигурителот прифати сам да располага со неа, осигурителот не го надоместува делот на штетата што ќе настане од таа причина.

3.Спогодбено договорен рок за испорака

Со овие Услови не е покриена одговорноста на осигуреникот, ако договорениот рок за превоз е пократок од вообичаениот за таква пратка на таа релација, а штетата настанала како последица од неисполнување на договорениот рок.

4. Неисполнување на спогодбата за превоз

Осигурителот не е во обврска да надомести штета што би настанала ако осигуреникот заклучил спогодба за превоз па тој превоз не го извршил или поради тоа што се јавил кај порачателот на превозот со задоцнување, а со тоа ја прекршил спогодбата за превоз.

5. Пречекорување на пропишаниот облик и тежина (габарит)

Осигурителот не е во обврска да надомести штета, ако осигуреникот пропуштил да ги преземе потребните организациски мерки за превоз на максимално дозволените профили и тежини во јавниот сообраќај, а штетата ќе настане поради непочитување на специјалните сообраќајни прописи за дозволениот габарит за сигурен превоз (сообраќаен знак за известување на дозволената висина, ширина и носивоста на друмско сообраќајно средство).

6.Плаќање застарено побарување

Осигуреникот не ја надоместува штетата што ја исплатил осигуреникот без негова согласност ако рокот на плаќање законски е застарен.

7.Фиктивни кусоци

Со овие Услови не е осигурена одговорноста на разни непојаснети кусоци, кои не се последица на физичка загуба или кражба на пратката. Според овие Услови, документите за мерење и вагање не се доказ на физичка загуба или кражба на пратката.

8.Превоз на благородни метали

Превоз на благородни метали, хартии од вредност, валути и други скапоцености, освен ако посебно не се пријават и се превезуваат со оружена придружба и специјални возила.

9.Превоз на поштенски пратки

Осигурителот не ја надоместува штетата на поштенски пратки, ако ги превезува осигуреникот со своите превозни средства.

1.Сопствен имот и предмети

Осигурителот не надоместува штети на личен имот на осигуреникот и на неговите вработени.

ОБВРСКИ НА ОСИГУРЕНИКОТ

Член 6

1.Возилата редовно и квалитетно да ги одржуваат и технички да се исправни и да одговараат на намената.
2.Возачите континуирано да ги обучуваат и да ги познаваат обврските и правата што произлегуваат од договорот за превоз, ЦМР-конвенцијата, Упаството за користење на ТИР-карнетите, упатствата на осигуреникот и на осигурителот.
3.Возачите да ги обезбеди со потребните лични и документите за превоз и средства (дозволи, ТИР-карнети, фактури, упатства и др.) пред започнување на превозот.
4.Во меѓународен транспорт за релации подолги од 450 км, за секое возило да има двајца возачи само за источноевропските земји.
5.При натовар и растовар на стоките, возачот задолжително да е присутен и да врши правилен квантитативен и квалитативен прием и предавање на стоките, проверка на амбалажата, редењето и прицврстување и растовар на стоките.
Ако има недостатоци при натовар на амбалажата, да бара испраќачот веднаш да ги отстрани или во спротивно да стави забелешка на товарниот лист за недостатокот при натовар или растовар што го вршат други лица.
6. Во товарниот лист прецизно, читливо и точно да биде наведена адресата на примачот на стоката, негов телефон и да бара фотокопија од личната карта на лицето за контакт што го определил примачот на стоката и само на тоа лице по идентификацијата смее да ја предаде стоката. Примачот треба да има фотокопија на броевите на ЦМР-товарниот лист, ТИР-карнетот и број на пасош на возачите.
7. По идентификацијата на примачот, едниот возач заедно со примачот да оди во Царина за да ги следи дали царинската процедура се извршува во царината и од надлежни лица.
8.По извршената царинска процедура да се заверат товарниот лист и ТИР-карнетот и стоката, возачот да ја предаде на правиот примач идентификација на магационерот на примачот од лична карта како и од местото на растовар и проверка на лицето за контакт со податоците со кои возачот располага.
9.По пат за источноевропските земји возачите да настојуваат да возат во конвој со други возила и да ноќеваат и да паркираат на јавни паркинзи и царински терминали.
10.Осигуреникот е должен секоја видлива штета, за која постои одговорност на превозникот, да ја утврди со записник при предавање на пратката во присуство на примачот на пратката и возачот пред предавањето на пратката.
Осигуреникот е должен веднаш или најдоцна во рок од три дена откога ќе сознае, на осигурителот да му ја пријави секоја штета што по негова оцена го минува износот од 1.000 УСД долари и да ги има предвид дадените упаства на осигурителот за ангажирање хавариски комесар за увид и процена на штетата.
11.Осигуреникот е должен да ги преземе сите потребни мерки за спречување и намалување на штетата.
12.Во случај на кражба, измама при прием и предавање на товарот и сообраќајна незгода, осигуреникот е должен таквиот настан веднаш да го пријави на полицијата во најблиското место или на друг надлежен орган и за таквите пријави да му приложи доказ на осигурителот.
13.Доколку осигуреникот ги повредил обврските од овој член, осигурителот не е во обврска да му ги надомести штетите што ќе настанат поради тоа.

ПРЕМИЈА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

Член 7

Осигуреникот е должен да ја плати премијата за осигурување, договорена со полисата за осигурување.
Премијата за осигурување е годишна и зависи од осигурителното покритие и се утврдува со полисата за осигурување.
Осигуреникот е должен да даде список на осигурените возила и приколки со регистарски број, број на мотор и број на шасија, за приколките тип и регистарска ознака и веднаш, а најдоцна во рок од три дена да го извести осигурителот за промените.
Осигуреникот е должен да ја плати премијата во рокови утврдени во полисата. По овој рок плаќа законска камата.
Ако осигуреникот не ја плати премијата во утврдениот рок, осигурителот може да се ескулпира од обврската за надоместок на штета.
Осигурителот секоја година на осигуреникот ќе му пресметува бонус, односно доплаток на премијата согласно со тарифата, земајќи го предвид неговиот индивидуален технички резултат за последната година.

КОНСТАТИРАЊЕ И ПРИЈАВУВАЊЕ ШТЕТИ

Член 8

Осигуреникот или неговиот полномошник е должен секоја видлива штета, која е покриена со осигурување, да ја утврди записнички на вообичаен начин, со учество на примачот, односно корисникот на превозот пред предавањето на пратката.
Осигуреникот е должен секоја штета, чиј износ е над 1.000 УСД во денарска противвредност, без одлагање, да му ја пријави на осигурителот и да постапи по неговите упатства.
Осигуреникот е должен да ги преземе сите потребни мерки за спречување, односно смалување на штетата.
Секој случај на кражба на пратката или сообраќајната незгода, осигуреникот треба веднаш да го пријави на полицијата и записникот за тоа да му го предаде на осигурителот.
Доколку осигуреникот намерно или со крајно невнимание ги повреди обврските од овој член, осигурителот може да се ослободи од обврската да му ги надомести штетите што ќе настанат поради тоа.

ДОСТАВУВАЊЕ ОШТЕТНО БАРАЊЕ

Член 9
Ако оштетената странка поднесе оштетно барање, осигуреникот е должен веднаш да му го достави на осигурителот заедно со сите документи и податоци потребни за ликвидација на штета какви што се:

- пријава на штета;
- оштетно барање од оштетено лице;
- превозни документи (товарен лист, договор);
- фактура или друг доказ за вредноста на пратката;
- писмена изјава на возачот и неговиот помошник за причината и околностите за настанување на штетата;
- докази врз чија основа би можело да се утврди постоење или непостоење одговорност на осигуреникот за настанатата штета;
- записник од полиција, ако настанала сообраќајна незгода или кражба на пратката;
- докази и изјави што осигурителот ќе ги побара за појаснување на оштетно барање.

Ако од околностите за настанатата штета или од поднесената документација не може со сигурност да се утврди одговорноста на осигуреникот за настанатата штета или за нејзината висина, осигурителот е должен на осигуреникот да му даде упатство за правните и други мерки,

кои треба да ги преземе со цел да се заштити од недокажани, неосновани или од преголеми оштетни барања.
Осигуреникот е должен, како добар стопанственик, да ги преземе сите потребни мерки со цел да се заштити од неосновани барања.За преземените мерки осигуреникот е должен без одложување да го извести осигурителот.

БАРАЊЕ СОГЛАСНОСТ

Член 10
Осигуреникот е должен пред признавање на својата обврска за надоместок на штетата да побара согласност од осигурителот и да се придржува на неговите упатства.
Ако осигуреникот не постапи спрема одредбите од претходниот став, осигурителот може да ја одбие исплатата на штетата, целосно или делумно, доколку смета дека осигуреникот не бил одговорен за настанатата штета или неговата одговорност е помала од онаа што ја признал.
Одредбите од претходниот став се применуваат и на случаите кога одговорноста на осигуреникот е утврдена во судски или арбитражен спор за кој осигуреникот благовремено не го извести осигурителот, а осигурителот ставил оправдана забелешка во врска со водењето на спорот.

ВИСИНА НА ОТШТЕТАТА

Член 11
Висината на отштетата за целосна или делумна загуба на пратката се утврдува според вредноста на предметите во времето и местото на отпремување и фактурата на продавачот, доколку таква вредност нема, тогаш по пазарната вредност, но во границите на законскиот лимит за ограничена одговорност, но максимум до лимитот од член 3 на овие Услови, т.е полисата за осигурување.
Ако осигуреникот превезувал пратка со поголема вредност од договорениот лимит, и не ја пријавил во осигурување односно нема полиса за дополнително осигурително покритие, во случај на настанување штета на таквата пратка, при исплата ќе се примени систем на пропорција помеѓу осигурената вредност и штетата.
Ако осигуреникот има осигурително покритие за товарно возило, а со влекачот приклучил специјално возило или ладилник, а тоа не го пријавил во осигурување и не добил замена на полиса, во случај на штета ќе се примени пропорција помеѓу премиите и висината на штетата.

ФРАНШИЗА

Член 12
Осигурителот ќе ја надомести настанатата штета поради сообраќајна незгода, пожар и експлозија без франшиза.
Во случај на погрешно предавање на пратката поради измама на возачите, освен докажана разбојничка кражба, осигуреникот учествува во 20% од настанатата штета.
Во сите други случаи франшизата ќе изнесува во висина на природната загуба (кало, крш, растур), за дел кој согласно со законските прописи и Условите за осигурување, не одговара превозникот.

ИСПЛАТА НА ШТЕТА

Член 13
По утврдување на основот и висината на настанатата штета, осигурителот ја исплаќа во рок од 15 дена.
По овој рок плаќа законска камата.
Оштетното барање нема да биде исплатено ако претходно не е наплатена премијата за осигурување.

РЕГРЕСНО ПРАВО

Член 14
Со исплата на штетата, на осигурителот му преминуваат сите права што осигуреникот ги имал спрема лицата одговорни за штетата.
Осигуреникот е должен навреме да ги преземе сите потребни мерки за обезбедување на регресните права спрема лицата одговорни за штетата.
Ако осигуреникот не постапи во склад со претходниот став, осигурителот може од надоместокот на штетата да го одбие износот на штета, која поради тоа ја претрпел.

ЗАБРАНА ЗА НЕТОЧНО ПРИКАЖУВАЊЕ НА ОСИГУРИТЕЛНОТО ПОКРИТИЕ СО ПОЛИСАТА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТА НА КОРИСНИЦИТЕ НА ПРЕВОЗОТ

Член 15
Со овие Услови и полисата за осигурување е покриена одговорноста на осигуреникот како превозник за штета на пратките. Поради тоа осигуреникот не смее да истапува кај корисникот на превозот со тврдење дека со полисата е осигурена и самата пратка (карго осигурување) и со тоа да го доведе сопственикот на пратката во заблуда дека со овие Услови и полисата целосно се осигурени и неговите интереси.

ТРАЕЊЕ И ОТКАЗ НА ОСИГУРИТЕЛОТ

Член 16
Осигурителот по овие Услови согласно со бараното осигурително покритие се договара со посебна годишна полиса за осигурување на одговорноста на превозникот во земјата и во странство за секое возило.
Осигурувањето може да се заклучи на подолг период, т.е. 5 години, за што осигуреникот добива 5% попуст од премијата.
Осигурителот може на осигуреникот да му го откаже осигурувањето по овие Услови и без отказен рок, ако утврди дека осигуреникот ја прекршил забраната предвидена со одредбите од член 15 од овие Услови и ако не платил премија при обнова на осигурувањето.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 17
Постапка по приговори

Во случај осигурителот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од осум дена од приемот на писменото известување од осигурителот до Второстепената комисија за решавање штети по приговор, што е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

Член 18
Постапка по жалба

Договарачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија во осигурување како надлежен орган за супервизија на друштвата за осигурување.

Член 19
Решавање спорови

Евентуалните спорови што би произлегле од договорот за осигурување договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку не дојде до спогодба, надлежен е стварно надлежниот суд според местото на склучување на договорот за осигурување.

Член 20
Обработка и заштита на личните **податоци**

Согласно одредбите од Законот за заштита на личните податоци ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје врши обработка (собирање, евидентирање, организирање, чување итн.) на лични податоци на физички лица-договорувачи на осигурување односно осигуреници чии лични податоци ги обработува ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје со цел исполнување на права и обврски кои произлегуваат од конкретниот закон. Личните податоци ќе се обработуваат само на начин што обезбедува соодветно ниво на безбедност на личните податоци со примена на соодветни технички или организациски мерки, со имплементиран систем за информациска

сигурност заради заштита на личните податоци, согласно стратегиите и политиките на ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје. ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје во својство на контролор на личните податоци, истите ги користи совесно, законито и согласно целта за која се собрани.

Член 21

Основ и цел за обработка на лични податоци

Врз основа на член 109 од Законот за супервизија на осигурување, а во согласност со Законот за заштита на личните податоци ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје собира, обработува, чува, користи и доставува лични податоци кои се неопходни при склучување на договорите за осигурување (полиси). Контролорите може да ги обработуваат личните податоци со цел исполнување на правата што произлегуваат од договорот за осигурување, односно со цел водење на постапка за надомест на штета и воспоставување на бази на податоци за настанати штети.
ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје ги обработува личните податоци само врз основа на претходна согласност од субјектот на личните податоци.

Согласноста за обработка на личните податоци може да се повлече во секое време трајно или привремено преку доставување на известување за повлекување на согласност по пошта на следната адреса: „ул.Пиринска“ бр.23, 1-1/5, 1000 Скопје“ или преку електронска адреса info@grawe.mk.

Член 22

Пренос на личните податоци

ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје е дел од Групацијата Grawe. Личните податоци на субјектите на лични податоци се пренесуваат во рамките на Групацијата, односно во матичното друштвото Grazer Wechselseitige Versicherung Aktiengesellschaft. При вршење на преносот на личните податоци се обезбедува високо ниво на технички и организациски мерки за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци.

Член 23

Обработка на лични податоци за цели на директен маркетинг

Личните податоци со исклучок на податоците за здравствена состојба, ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје ги обработува за цели на директен маркетинг само врз основа на дадена согласност за обработка на лични податоци за цели на директен маркетинг кои ги врши за себе или поврзаните друштва во земјата или во странство.

Член 24

Права на субјектите на личните податоци

Во врска со сите прашања поврзани со обработка на лични податоци, за остварување на правата кои произлегуваа од Законот за заштита на личните податоци субјектите на лични податоци доставуваат барање на адреса на Граве Осигурување Неживот АД Ул.Пиринска 23,1-1/5 Скопје со назнака за Офицер за заштита на лични податоци.

Член 25

Рокови на чување на лични податоци

Личните податоци, ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје ги чува во рок до 10 години по истекот на договорот за осигурување или во случај на настанување на штета, 10 години по затворањето на случајот на настанување на штетата, согласно член 109 став 8 од Законот за супервизија на осигурување.
По истекот на роковите од став 1 на овој член личните податоци ќе бидат избришани/уништени од базите на податоци на ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје.

Претседател на Управен одбор
Елизабета Божиновска

Акционерско друштво за осигурување ГРАВЕ НЕЖИВОТ Скопје